# АКУМУЛАЦИЈА СЛАТИНО



**Слатинското Езеро** е вештачка акумулација, која е изградена во 1963 година. Се наоѓа во општина Дебарца во близина на селото Слатино на 35 km северно од Охрид Името го добило според селото Слатино. Се напојува со вода од Мраморечка река и е со вкупна зафатнина од 1.400.000 $m^3$ и висина на браната од 15,5 m. Водите од ова езеро се користат за наводнување на земјоделските површини во **Слатинско, Издеглавско и Оздоленско поле**, со вкупно 420 ha, но и за спортски риболов и туризам. Квалитетот на водата во езерото е на највисоко ниво бидејќи не постојат никакви органски или неоргански загадувања. Кога е полно површината на езерото се наоѓа на 829 метри надморска височина, и зафака површина од околу 0,28 квадратни километри. Долго е околу 1 километар а најголема широчина изнесува околу 600 метри. Максималната длабочина изнесува до 9 метри. Сливното подрачје на езерото е 28,5 квадратни километри, а главен снабдувач му е Мраморечка река. Водата од езерото се влива во река Сатеска која припаѓа на риболовниот ревир на Охрид и Дебарца и е во сливното подрачје на Охридско Езеро. Физичко-Хемиски карактеристики на водата изнесуваат : температура на водата (во лето) 24-25 степени, Ph фактор на водата изнесува 8,02 а заситенот со кислород 9,18 мг/л.



Во 1993 година езерото е целосно испразнето , поради поправка на браната и повторно

наполнето и порибено во 1994 година. Во Слатинско езеро се застапени следните видови на риби: клен,крап,јагула,мрена (црна балканска),грунец,плашица и пиор. До езерото пристапот е преку асвалтен пат, до езерото и околу езерото има изградено комплетна инфраструктура , со изграден мотел за одмор на ловците и риболовците. На педесетина метри од езерото има извор со кисела и лековита вода. Со еден збор кажано рај за одмор , рекреација и риболов. Како да ловите риба на оваа акумулација ќе прочитате во рубликите -техники на риболов и репортажи и извештаи. Бистро!



